

Дел од лицата кои престојуваат во дневниот центар за лица со хендикеп Порака од Неготино, а кои беа учесници на турнирот за ученици со посебни потреби ,, Кежо -2014 ,, што се одржа во Штип заедно со нивните ментори беа примени од страна на градоначалникот на општина Неготино Ванчо Апостолов при што го информираа за текот на спортските натпревари и остварените резултати. Благодарение на секојдневните тренинзи што овие лица ги реализираат на спортските терени во склоп на дневниот центар, неготинската женска екипа на Порака го освои првото место на турнирот во кошарка за што добија и пехар од организаторот, додека одлични резултати беа постигнати и во дисциплините фудбал и пинг-понг. Градоначалникот Апостолов позитивно се произнесе на предлогот следното вакво натпреварување да се одржи во нашиот град и истакна дека и тој и локалната самоуправа ќе ја дадат неопходната поддршка турнирот да помине во најдобар ред.



